Данило Киш

# ЕНЦИКЛОПЕДИЈА НА МРТВИТЕ

**И З Д А В А Ч К И   Ц Е Н Т А Р   Т Р И**
ул. Његошева 29А, 1000 Скопје, Македонија
тел./факс +389 2 3245 622
e-mail: tri@kniga.com.mk
www.kniga.com.mk

Главен уредник Винка Саздова

Арт директор Александар Саздов

Уредник Бојан Саздов

Наслов на оригиналот
Данило Киш
ЕНЦИКЛОПЕДИЈА МРТВИХ

Copyright © за македонското издание
Издавачки центар ТРИ, 2010
Copyright © за македонскиот превод, Традуки

Превод
Ацо Пероски

traduki

Издавањето на ова дело е поддржано од Традуки, мрежа за литература иницирана од страна на Сојузното министерство за европски меѓународни прашања на Република Австрија, Министерството за надворешни работи на Сојузна Република Германија, швајцарската Фондација за култура „Про Хелвеција“, Култур-контакт Австрија, Гете институтот и фондацацијата „С. Фишер“.

Сите права задржани. Ниту еден дел од ова издание не смее да биде препечатуван, копиран или објавуван во која било форма или на кој било начин во електронските или печатените медиуми, без писмена согласност од издавачот.

Данило Киш

# ЕНЦИКЛОПЕДИЈА НА МРТВИТЕ

ТРИ

*Ma rage d’aimer donne sur la mort*
*comme une fenêtre sur la cour.*
Georges Bataille

*Мојот љубовен гнев гледа кон смртта*
*како што прозорецот гледа кон дворот.*
Жорж Батај

# *Симон Чудотворецот*

## 1.

Седумнаесет години по смртта и чудесното воскресение на  Исус од Назарет, на калливите патишта кои водат до Самарија и, прекриени со непријатен песок, се губат во пустината, се појавува оној кого учениците го нарекуваа Чудотворец, Симон Чудотворецот, а непријателите му дадоа погрдно име „борборита“. Некои тврдеа дека во Самарија дошол од селската провинција Гита, други велеа дека е од Сирија или од Анадолија. Треба да се признае дека и тој самиот ја подгреа таа забуна, зашто на тоа неважно прашање за потеклото одговараше со едно широко мавтање на раката, со кое го опфаќаше и најблиското населено место и половината од небесниот свод.

Имаше среден раст, беше мускулест, со кадрава црна коса која на темето беше почнала да се проретчува, додека брадата, подеднакво кадрава и неуредна, веќе му беше побелена. Имаше закривен ковчест нос и профил на овца. Едното око му беше поголемо од другото, што му даваше помалку саркастичен израз на неговото лице. На левото уво носеше златна обетка: змија што ја голта својата опашка. Околу половината се обвиткуваше со едно ленено јаже што му служеше и како циркуски реквизит; тоа јаже во еден момент ќе се исправеше и тој, пред зачудените очи на насобраните гледачи, се качуваше по него како да оди по штица. Или пак ќе го закачеше околу вратот

на некое добиче, на кое ќе му ја откинеше главата со едно единствено замавнување на мечот, изговарајќи волшебна формула. За момент главата и телото лежеа одделени во пустинскиот песок; а потоа Чудотворецот ќе ја кажеше истата волшебна формула, но со обратен редослед на зборовите, и главата ќе се споеше со трупот, а лененото јаже од вратот на добичето останувашe да лежи на земјата. Симон го одврзуваше јазолот и повторно го обвиткуваше јажето околу себе. Ако некој од гледачите сакаше да го провери составот на влакната, Симон му го даваше едниот крај од вкочанетото јаже како да му подава стап; и веднаш штом сомничавиот гледач ќе го дофатеше јажето, тоа ќе омекнеше и паѓаше на земјата, кревајќи прашина.

Подеднакво добро зборуваше на грчки, коптски, арамејски и хебрејски јазик, како и на локалните дијалекти, иако неговите непријатели тврдеа дека секој од тие јазици го зборуваше со странски акцент. Симон не им обрнуваше внимание на тие гласини, а се добиваше впечаток дека и самиот ги поддржува. Велат дека имаше жив дух и дека беше одличен говорник, особено кога се обраќаше пред своите ученици и следбеници, или пред насобраната толпа. „Тогаш очите му светеа како ѕвезди", раскажува еден од неговите ученици. „Имаше глас на лудак и блуден поглед", забележува еден од неговите противници.

По испреплетените патишта што водат од Исток кон Запад и од Запад кон Исток, Симон Чудотворецот среќава многу проповедници и нивните патеки често се вкрстуваат. Учениците на Јован и Павле, а и самите Јован и Павле, го пренесуваат по светот учењето на Исус од Назарет, чиј спомен сѐ уште живее во Палестина, Јудеја и Самарија. Симон често ги пронаоѓа отпечатоците од нивните сандали на влезот од село-

то. Селото замолкна невообичаено за тој период од денот, се слушаше само  кучешкото лаење и ѕвонливото блеење на овците. А потоа, слично на блеење, од далечината допира машки глас, ѕвонлив и јасен, сè уште целосно неразбирлив; тоа се апостолите кои, качени на старо буре, го проповедаат совршенството на светот и Божјото создавање. Сокриен во ладот на една колиба, Симон чека да завршат и влегува по нив во селото, пред да си замине народот.

Тогаш и самиот започнува да проповеда, опкружен со своите следбеници. Уморен од мудростите на апостолите, народот неволно се собира околу него. „Штотуку ги испративме Павле и Јован“, му велат, „доста ни се зборови за цела година“.

„Јас не сум апостол“, објаснува Симон, „јас сум еден од вашите. Тие ви ставаат рака на главата за да ве надахне светиот дух; јас ви подавам рака за да ве извлечам од прашината“. На тоа ги подигнува рацете нагоре, а од широките ракави кои се слеваат во големи набори, се нишаат неговите убави бели раце и неговите нежни прсти, какви што имаат мрзливите луѓе и волшебниците.

„Тие ви нудат“, продолжува Симон, „вечно спасение; јас ви нудам спознание и пустина. Кој сака, нека ми се придружи“.

Луѓето веќе беа навикнати на секакви скитници кои доаѓаа од сите страни на светот, најмногу од Исток, понекогаш сами, понекогаш по двајца, а понекогаш следени од толпа верници. Некои ги оставаа своите мазги и камили близу до населбата, или во подножјето на планината, или во блиската долина; некои доаѓаа со вооружена група (и нивните проповеди беа заканувачки и комични); некои доаѓаа на мазги и, без да слезат, започнуваа да изведуваат акробатски точки. Но овие петнаесет години, по смртта

на некој човек од Назарет, почнаа да доаѓаат млади и здрави луѓе, со негувани бради или сè уште голобради, во бели наметки и со пастирски стап в рака, и сите се нарекуваа апостоли и Божји синови. Сандалите им беа полни со прашина од долгиот пат, а во зборовите наликуваа еден на друг како да учеле од истата книга; сите се повикуваа на истото чудо, оти беа негови сведоци: еден човек од Назарет пред нивните очи ја претворил водата во вино и ја нахранил сета насобрана толпа со неколку леба. Некои тврдеа дека пред нивните очи истиот се вивнал кон небото со заслепувачка светлина и одлетал како гулаб. Слепите, кои ги водеа со себе како живи сведоци, тврдеа дека таа светлина им го земала видот, но за возврат им дала духовна светлина.

И сите тие се нарекуваа Божји синови и синови на синот Божји. За парче леб и бочва вино ветуваа вечен живот и блаженство, а кога луѓето ќе ги избркаа од својот дом или ќе им ги пуштеа лошите кучиња, тогаш се закануваа со вечен пекол, каде телото се пече на тивок оган како јагне на ражен.

Меѓу тие проповедници имаше и добри говорници кои знаеа како на недоверливиот народ и на уште понедоверливата власт да им дадат одговори на многу заплеткани прашања - не само за душата, туку и за телото, за земјоделството, за сточарството. На момчињата им ги лечеа мозолчињата, на девиците им даваа хигиенски совети за тоа како да ја заштитат својата невиност и како полесно да ја поднесуваат; на старите им даваа упатства како да се подготват за доаѓањето на смртта, кои зборови да ги изговорат во судниот час, како да ги постават рацете за полесно да се извлечат низ ходникот кој води до светлината; на мајките им даваа совети како да го спасат својот пород без трошоци и врачеви, како да ги сочуваат сино-

вите од воените походи, а јаловите жени ги подучуваа на јасни и едноставни молитви кои треба да ги изговараат три пати во денот, на гладно срце, за светиот дух - како што го нарекуваа тоа - да им ги оплоди утробите.

И сето тоа го правеа бесплатно, без пари, доколку како плата не се смета корката леб што ја примаа како благодарност, или садот со ладна вода што ја пиеја со паузи во голтањето, мрморејќи некакви неразбирливи зборови. Така проповедниците се надоврзуваа еден на друг, доаѓаа од различни делови на светот, со различни обичаи и јазици, со бради или голобради, но сите - помалку или повеќе - го зборуваа истото: она што ќе го спомнеше едниот го објаснуваше другиот, само со повеќе детали, без да се води сметка за незабележливите разлики, така што приказната за чудата и воскресението на човекот од Назарет ја потврдуваше својата веродостојност. Народите од Јудеја, Самарија, Анадолија веќе беа навикнати на овие миројубиви момчиња со прашина во сандалите, кои ги вкрстуваат рацете на градите, зборуваат со глас на девица и пеат со очите свртени кон небото. Им даваа ладна вода и корка леб, а тие се заблагодаруваа и за возврат им ветуваа вечен живот, им го опишуваа чудесното место каде што ќе стигнат по смртта: таму нема пустини, ниту песок, ниту змии и пајаци, туку само палми со широки листови, извори со студена вода на секое ќоше, треви до колена, а сонцето свети умерено, ноќите се како денови, а деновите се вечни; кравите пасат, козите и овците брстат по пасиштата, цвеќето мириса во секој период од годината, таму е вечна пролет, нема гаврани и орли, туку само славеи што постојано пеат. И така натаму.

Таа слика на рајските порти, која на почетокот на сите им звучеше смешно и невозможно - кој ви-

дел сонце што свети вечно, како може да не постои болка и смрт? - беше опишувана со таква сигурност, со такво вдахновение, што народот почна да им верува на момчињата со кротки сини очи. Кога една лага ќе се повторува многу долго, луѓето почнуваат да веруваат во неа. Зашто верата му е потребна на народот. Многу момчиња облекоа сандали со долги каиши и заминаа со нив. Некои се враќаа во нивните села по година или две, некои по десет години. Беа изморени од долгиот пат, брадите им беа побелени и тивко зборуваа сами со себе, држејќи ги рацете скрстени на препоните. Зборуваа за Неговите чуда, за Неговите учења, проповедаа чудни закони, ги презираа патиштата на задоволството, скромно се облекуваа, јадеа умерено, пиеја вино, подигајќи го пехарот со двете раце. Единствено пламнуваа со неочекувана жестина кога некој ќе им противречеше, кога некој ќе се посомневаше во нивното учење и во Неговите чуда, кога некој (тешко нему!) ќе се посомневаше во вечниот живот и во рајските порти. Тогаш со жив и жесток говор, со заканувачки зборови што искреа, ќе му ги претставеа казните на вечното страдање. „Нека ве чуваат Боговите“, пишува еден паган, „од нивниот зол јазик и од нивните клетви“.

На оние што се сомневаа им се обраќаа слаткоречиво и со ветувања, со подмитување и со закани и, како што растеше нивната моќ и како што се зголемуваше бројот на верниците, така тие стануваа сè посилни и сè похрабри. Ги уценуваа фамилиите, им внесуваа сомнежи во душите, плетеа интриги околу секој што ќе покажеше дури и најмал знак на сомнеж во нивното учење. Имаа свои провокатори и манипулатори, како и тајни судови во кои делеа анатеми и казни, ги палеа списите на противниците и ги проколнуваа тврдоглавите. Многумина од луѓето им се

приклучуваа, зашто верните ги наградуваа, а непокорните ги казнуваа.

Значи, во тоа време, се појави Симон Чудотворецот.

Тој проповедаше дека Богот на апостолите е тиранин, а тиранин не може да му биде Бог на разумниот човек. Тој нивен Бог, Јахве, Елохим, му се нафрлил на човештвото, го задушува, го коле, му испраќа болести и диви ѕверови, змии и тарантули, лавови и тигри, молњи и громови, чума, лепра, сифилис, бури и дождови, суша и поплави, кошмари и несоници, чемерна младост и немоќна старост. Ги сместил нашите блажени предци во рајските градини, но им го одзел најслаткиот плод, единственото што го чини вреден и единственото што го одделува човекот од песот, камилата, магарето и мајмунот - сознанието за доброто и злото.

„И кога тој наш несреќен предок, опиен од љубопитноста, сакал да го вкуси плодот, што направил нивниот, вашиот Елохим, Вашиот Праведен, Голем, Семоќен? Што?“ - вика Симон нишајќи се на старото буре. „Вие многу добро го знаете тоа. (Тоа секојдневно ви го проповедаат вашите апостоли, Неговите слуги и робови.) Ги протерал како да се заразени со чума или лепра, ги протерал немилосрдно, со вжештен меч. А зошто? Затоа што тој е Богот на злобата, на злоделата и на љубомората. Наместо слобода, тој проповеда ропство; наместо несогласување - покорност; наместо задоволство - лишување; наместо сознание - догма... О, народе од Самарија, зарем неодамна не ви ги сруши домовите тој ваш никаквец? Зарем по вашите ниви не распосла суша и скакулци? Зарем не зеде од вашиот крај десетмина лепрозни? Зарем пред една година не ги опустоши вашите домови со страшна чума? И каков е тој Бог, каков е тој

праведник, како што велат вашите апостоли, кога сè уште сака да ви се одмаздува заради измислениот грев што го направиле вашите предци? Каков е тој праведник што испраќа чума, молњи и громови, болести, чемер и несреќи, само затоа што нашите предци, опиени од љубопитност, од тој животен оган од кој се раѓа сознанието, се осмелија да го скинат јаболкото? Тоа, народе од Самарија, не е Бог, тоа е никаквец, ајдук и арамија, кој со своите ангелски чети, вооружени до заби, вооружени со вжештени мечеви и отровни стрели, стои на вашиот пат. Кога ќе ви созреат смоквите, испраќа болест; кога ќе ви созреат малините, испраќа бура да ги откине и град во земјата да ги закопа и во кал да ги претвори; кога овците ќе ви се објагнат, испраќа чума или волци или тигри да ви ги опустошат трлата; кога ќе ви се роди дете, испраќа грчеви за да му го скрати животот. Каков е тој Бог, каков е тој лажен праведник што го прави сето ова? Не, тоа не е Бог, тоа не е оној што е на небото, тоа не е Елохим. Тоа е некој друг. Зашто Елохим, создавачот на небото и земјата, на човекот и жената, на змиите и птиците, создавачот на сето она што е живо, оној што ги издигна планините над морињата, оној што ги создаде морињата, реките и океаните, воздухот и оганот, зелената трева и сенката на палмите, сонцето и дождот, воздухот и огнот - *тоа* е Елохим, богот на правдата. А оној, чие учење го проповедаат Петар и Јован и Павле и нивните ученици, тој е арамија и убиец. И сè што зборуваат за него и за неговото царство Јован и Павле, Јаков и Петар - сето тоа е лага, о послушај ме, народе на Самарија! Нивната избрана земја е лага, нивниот Бог е лага, нивните чуда се лага. Тие лажат зашто и нивниот Бог во кого се колнат е лажен, затоа тие лажат постојано и, влегувајќи така во големото оро на лагата, веќе

ни самите не знаат што зборуваат. Кога лажат сите, тогаш никој не лаже. Кога сè е лага, тогаш ништо не е лажно. Небесното царство, праведното царство е лага. Секој атрибут на нивниот Бог е по една лага. Праведен - лага. Вистинољубив - лага. Единствен - лага. Бесмртен - лага. И нивните книги се лажни, зашто ветуваат лаги, ветуваат рај, а рајот е лага затоа што е во нивните раце, затоа што тие се пред рајските порти - неговите ангели вооружени со огнен меч и неговите судии со лажен кантар."

Толпата го слушаше рамнодушно и без доверба, како што луѓето обично ги слуша демагозите: барајќи скриени значења во нејасните зборови. Зашто толпата веќе беше навикната на фактот дека моќните, власта и фарисеите ги прикриваат измамите, заканите и даноците со слаткоречивост и ветувања. Затоа чекаа и овој да се издаде, на крајот да го каже тоа за што дошол, она заради кое беа изговорени тие празни зборови, целиот тој нејасен говор, збунувачки и бесмислен. Единствено се надеваа дека на крајот барем ќе го поткрепи своето матно излагање со некоја акробатска точка, со некое чудо.

„Небесното царство почива на лажни темели" - продолжува Симон, гледајќи во немилосрдното сонце, „а покривот му е изграден од два свода, од лаги и измислици. И нивните списи се составени од лажни зборови и лажни закони, секој закон е по една лага: десет закони, десет лаги... Не им е доволно што тој, нивниот Елохим, тиранинот што ја љуби одмаздата, е злобен како некаков зол старец, туку уште треба и да му се восхитувате, да му се поклонувате и, освен на него, да не мислите на ништо друго! Да го нарекувате единствен, семоќен и праведен тој тиранин! И единствено нему да му се покорувате! О, народе на Самарија, какви се тие шарлатани што те посетуваат

и ти ја полнат главата со лаги и со лажни ветувања? Тие за себе ја присвоија неговата милост, а од вас бараат да му се покорувате без поговор, да ги прифатите сите несреќи во животот, раните, болестите, земјотресите, поплавите, чумата, а при тоа да не го колнете. Зошто, инаку, би ви забранувале да го спомнувате неговото име? Лага е, ти велам народе на Самарија, сето она што го проповедаат Петар и Павле, сè е лага и измислица за нивните ученици, сето тоа е страшна и голема измама! Затоа: не убивај! Зашто убивањето е негова работа, на тој нивниот Единствен и Семоќен и Праведен! Негово е да коле и да убива деца в колевка, мајки на породување и беззаби старци! Тоа е неговиот занает; затоа: не убивај! Негово и на неговите слуги е да убиваат! Тие се единствените кои се повикани за тоа! Тие се предодредени да бидат волци, а вие да бидете овци! Заради тоа, народе на Самарија, препушти им се на нивните закони!... И затоа: не блудничи, за тие да можат да го скинат за себе цветот од твоите девојки! И затоа не му завидувај на ближниот свој, зашто немаш за што да му завидуваш! Тие од тебе бараат сè - и душа и тело, и дух и мисла, а за возврат ти даваат ветувања: за твојата сегашна понизност, и за твојата сегашна молитва и за твоето сегашно молчење ти даваат лажни ветувања, ти ветуваат иднина, иднина која не постои...“

Симон не забележа, или само се преправаше дека не забележува дека народот веќе беше заминат и дека останале да слушаат само оние кои се нарекуваа негови ученици, додека Софија, неговата верна следбеничка, му го бришеше челото и му го додаваше бокалот со стоплена вода, иако цело време беше длабоко закопан во песокта.

Софија имаше триесетина години, беше ниска, со бујна коса и со очи црни како јаглени. Преку провид-

ната светла наметка носеше шарени свилени шалови, несомнено купени во Индија. Учениците на Симон за неа велеа дека е олицетворение на мудроста и на зрелата женска убавина, додека христијанските исповедници ширеа за неа секакви гласини: дека е вештерка, блудница, страсна заводничка и шарлатанка која ја прифатила милоста на својот шарлатански господар во некоја јавна куќа во Сирија. Симон не го порекнуваше тоа. Нејзината некогашна судбина на робинка и проститутка му служеше како очигледен пример, пример и поука, за злобата и суровоста на Јахве во овој свет. Тој Паднат Ангел, тоа Залутано јагне, тврдеше Симон, е само жртва на Божјата злоба, Чиста Душа заробена во човечко тело. Нејзиниот дух со векови се селел од една форма во друга, од едно тело во друго, од еден привид во друг. Таа беше ќерката на Лот, таа беше Рахила, таа беше убавата Елена. (Значи, и Грците и варварите му се восхитуваа на еден привид и си ја пролеваа крвта заради еден фантом!) Нејзиното последно отелотворување беше таа проститутка во една јавна куќа во Сирија.

„А дотогаш", продолжи Симон, плукајќи ја голтката млака вода зашто здогледа група исповедници во бели наметки кои излегоа од сенките на куќите; а меѓу нив го препозна Петар и неговите ученици, вооружени со пастирски стапови... „А дотогаш, под темниот свод на небото, во темните ѕидини на земјата, во темнината на животот, презирајте го богатството, како што ве учат тие, отфрлете ги телесните задоволства, презирајте ја жената, тој бокал со нектар, таа урна на блаженството, во име на нивниот лажен рај и во страв од нивниот лажен пекол, како да не е пекол целиот овој живот..."

„Некој се определил за земното, а некој за небесното царство", рече Петар, потпрен со двете раце врз својот стап.

„Само оној што бил богат може да го презира богатството“, рече Симон и го впери во него своето поголемо око. „Оној што бил сиромав може да ѝ се восхитува на сиромаштијата; телесните задоволства може да ги отфрли само оној што ги пробал“.

„Синот Божји страдаше“, рече Петар.

„Неговите чуда се доказ за неговата праведност“, дофрли еден од неговите ученици.

„Чудата не се никаков доказ на праведноста“, рече Симон. „Чудата служат како последен доказ само за лековерниот народ. Таа мода ја воведе вашиот несреќен Евреин кој заврши распнат на крст.“

„Така може да зборува само оној што поседува таква моќ“ возврати Петар.

Тогаш Симон неочекувано скокна од разнишаното буре и се најде точно пред својот предизвикувач.

„Сега ќе полетам кон небото“, рече Симон.

„Навистина би сакал да го видам тоа“, рече Петар, а гласот му затрепери.

„Знам до каде досегнува границата на мојата моќ“, рече Симон, „и знам дека нема да стигнам до седмото небо. Но ќе стигнам до другите шест. До седмото небо стигнува само мислата, зашто таму сѐ е светлина и блаженство. А блаженството не му е дадено на смртниот човек.“

„Не мудрувај“, рече еден од учениците на Петар. „Ако стигнеш онде, до оној облак, ќе те почитуваме како што го почитуваме човекот од Назарет.“

Кога дозна дека близу до селото, крај големото маслиново дрво, се случуваат некакви неразбирливи работи и дека, најверојатно, оној брбливец конечно ќе прикаже некоја од своите циркуски вештини, народот повторно се собра.

„И побрзо да се вратиш“, се потсмеваше еден од набљудувачите. „А нам остави ни во завет накаков знак.“

Симон го одмота јажето од својата половина и го стави пред своите нозе.

„Тоа е се што имам.“

А Софија рече: „Земи го овој шал. Таму горе е ладно како на дното од бунар.“ И му го завитка својот шал околу врат.

„Овие подготовки траат премногу долго“, рече Петар.

„Можеби чека да зајде сонцето, па да се извлече во темнината на ноќта“, додаде еден од учениците на Петар.

„До гледање“, рече Симон и ја бакна Софија во челото.

„Со здравје“, рече еден од учениците на Петар. „Внимавај да не настинеш!“

Симон неочекувано потскокна со двете нозе истовремено и почна да мавта со рацете како петел, а прашината почна да се крева под неговите сандали.

„Кукурику!“ викна еден шегаџија. Тоа беше едно момче со ковчесто лице и итри очи кои се претвораа во две коси сечила кога се смееше.

Симон погледна кон него и рече:

„Синко, тоа не е така лесно! Земјата го привлекува секое тело, па дури и пердувот, а камо ли една човечка урнатина од околу четриесет ока.“

Петар одвај се воздржа да не се насмее гласно на ова мудрување, но ја сокри насмевката во својата брада.

„Ех кога би знаел да леташ како што знаеш да мудруваш“, му рече шегаџијата, „досега веќе ќе беше на небо.“

„Полесно е да се мудрува отколку да се лета, признавам“, рече Симон со тажен глас. „Ете, дури и ти

знаеш да дрдориш, а ниеднаш во својот беден живот не си се оттргнал од земјата ни еден метар... А сега пушти ме да соберам сила, да ги соберам мислите во една точка, со сета сила да помислам на земскиот живот, на несовршеноста на светот, на мирисот на животите што се распаѓаат, на ѕверките што меѓусебно се убиваат, на змијата што го каснува јагнето што прежива во ладот, на волците што ги растргнуваат јагнињата, на богомолките што ги убиваат своите мажјаци, на пчелите што умираат по убодот, на мајчинската болка при раѓањето, на слепите мачиња кои децата ги фрлаат в река, на ужасот на рибите во утробата на китот, на ужасот на китовите кои се насукани на брегот, на тагата на слонот кога умира од старост, на кратката радост на пеперутките, на лажната убавина на цветот, на краткотрајната стапица на љубовната прегратка, на ужасот од залудно пролиеното семе, на немоќта на остарениот тигар, на распаѓањето на забите во устата, на мирисот на мртвото лисје што се собира во шумите, на стравот на штотуку испиленото пиле кое мајката го истиснува од гнездото, на пеколните маки на црвите кои се печат на сонцето како на жив оган, на болката заради љубовната разделба, на ужасот на лепрозниот, на страшната метаморфоза на женските гради, на раните, на болката што ја чувствуваат слепите...“

И одеднаш луѓето видоа како смртното тело на Симон Чудотворецот пополека се одделува од земјата и како исправено се издигнува сè погоре и погоре, со мали движења на рацете, како што рибата ги движи перките, сосема малку, одвај забележливо, додека неговата коса и брада се лелееја од бавното летање, од тоа чудно лебдење.

Одеднаш настана тишина и не можеше да се слушне ниту еден крик, ниту една воздишка. Толпата сто-

еше како скаменета, со очите вперени кон небото. Дури и слепите ги насочуваа своите празни белки нагоре, зашто од ненадејниот молк сфатија што се случи и каде беа свртени сите глави и каде беа вперени сите погледи.

Петар, исто така, стоеше како скаменет, со отворена уста од вчудоневиденост. Тој не веруваше во чуда, освен во чудата на верата, а чудото можеше да дојде само од Него, од единствениот Чудотворец, од оној што ја претвори водата во вино; сè останато е само илузионистичко подметнување на невидливи јажиња. Чудото им е дадено само на христијаните, а помеѓу христијаните само на оние чија вера е тврда како камен, каква што беше Неговата.

Се колебаше за момент и, плашејќи се од измамата - зашто тоа не може да биде ништо друго, освен измама на сетилата, египетска панаѓурска магија - си ги протри очите, а потоа го сврте погледот кон местото каде предмалку (а тоа значи и сега) стоеше Симон Чудотворецот. Но тој не беше таму, таму беше само она ленено јаже свиткано како змија и прашината која полека паѓаше надолу, прашината што ја крена Симон додека скокаше како некаков несмасен петел, мавтајќи со рацете како со потсечени крила. Потоа полека го крена погледот погоре, кон местото каде што гледаше толпата, и повторно го здогледа Чудотворецот. Неговата силуета беше јасно видлива под белиот облак: сега личеше на некаков голем орел, но не беше орел - тоа беше човек, зашто сè уште јасно се распознаваа човечките раце и човечките нозе, и човечката глава, иако, рака на срце, веќе не можеше да се каже дека тој човек што се приближува кон облакот, е Симон Чудотворецот, зашто повеќе не можеа да му се распознаат цртите на лицето.

Петар гледаше во тој бел облак, трепкајќи со очите за да се ослободи од измамата на која наседна сиот народ. Зашто, ако онаа црна силуета што му се приближува на облакот навистина е Симон, тоа значи дека Неговите чуда и вистината на христијанската вера е само *една од вистините во овој свет*, но не е единствена; тоа значи дека светот е тајна, дека верата е измама и дека повеќе не постои како сигурна потпора за неговиот живот; тоа значи дека човекот е тајна над тајните; тоа значи дека е непознато единството на светот и создавањето.

Ако можеше да им се верува на очите, тогаш она што требаше да биде смртното тело на Симон Чудотворецот сега стигна до облаците: црна точка која за момент се изгуби од видикот и повторно јасно се исцрта на белата опачина во низата од облаци, а потоа сосема исчезна во белата магла.

Тишината траеше само за момент, а потоа од толпата се слушна воздишка на воодушевување и луѓето почнаа да паѓаат на земја, поклонувајќи се и мавтајќи со главите како да се во транс. Дури и некои од учениците на Петар се поклонија пред тоа паганско чудо, за кое беа живи сведоци.

Тогаш Петар ги затвори очите и на хебрејски (зашто тоа е природниот јазик меѓу светците, но и за да не го разбере толпата) ја изговори следната молитва:

„Единствен Татко, ти што си на небото, помогни им на моите сетила кои се заматени од световната измама, на очите мои дај им продорност на видот, а на мојот разум бистрина за од себе да ги оттргнам илузиите и измамите, за да останам непоколеблив во Твојата вера и во љубовта своја кон Синот Твој, Спасителот. Амин."

А Бог му рече:

„Следи ги моите совети, о Вернику. Кажи им на луѓето дека чистата сила на верата е посилна од ограничените сетила и зборувај јасно сите да те разберат. И кажи им гласно сите да те слушнат: Бог е единствен и името му е Елохим, и синот Божји е единствен и името му е Исус, и верата е една и единствена, а таа вера е христијанската. А оној што пред твоите очи го прелета небото под облаците, Симон Чудотворецот, отпадник од верата и скврнавител на Божјото учење, навистина леташе со силата на својата волја и со силата на своите мисли и сега лета, невидлив, кон ѕвездите, понесен од силата на своето сомневање и својата човечка љубопитност која, и покрај сè, има свои граници. И кажи им гласно, сите да те слушнат, дека таа моќ за искушување, исто така, му ја дадов јас, дека неговата сила и неговата моќ потекнуваат од мене, зашто му дозволив да ги искушува душите христијански со своите чуда, за да им покажам дека чудата не постојат и дека не постои друга сила освен мојата. Тоа кажи им го и не плаши се.“

Петар тогаш ги отвори очите, се качи на еден куп од исушена кал врз која се роеа муви и почна да вика на сиот глас:

„Народеее, чуј и почуј!“

Никој не му обрна внимание. Луѓето лежеа во прашината како овци на жежок ден во ладот на грмушките.

Петар повторно викна на цел глас:

„Народе на Самарија, чуј и почуј, сакам да кажам нешто.“

Неколкумина ја подигнаа главата, а меѓу првите беа слепите.

„Го видовте тоа што го видовте, и бевте жртви на сетилна измама што ја изведе тој волшебник и циркузант, кој ги стекнал тие знаења во Египет...“

„Тој си го одржа зборот“, рече Софија.

„Додека да избројам до десет“, продолжи Петар без да ѝ обрне внимание, „неговото тело ќе се струполи на земјата која ја презираше, ќе падне како камен пред вашите нозе и никогаш повеќе нема да се подигне од прашината... Зашто така сака единствениот Бог... Еден...“

„Тој сепак летна“, рече Софија. „Тој докажа дека е Чудотворец.“

„Два...“

„Тој е победник, дури и да падне“, рече Софија.

Петар ги  затвори очите додека броеше, како да сакаше да го сопре времето. А тогаш го слушна крикот на толпата и ги отвори очите. На истото место каде пред малку исчезна, од облаците излезе една црна точка што стануваше сè поголема. Телото на Симон Чудотворецот паѓаше како камен, вртејќи се околу својата вертикална и хоризонтална оска. Чудотворецот мавташе со рацете и со нозете, и стануваше сè поголем и сè појасен. Толпата веднаш се разбега на сите страни, најверојатно од страв дека тоа тело што се струполува од облаците може да повреди некој од нив.

Потоа сè се случи набрзина. Како кога вреќа полна со влажен песок ќе падне од ѕидарската кола, или како овца која ја испуштил орелот од височините, така телото на Симон Чудотворецот тресна на земјата.

Прва му се приближи Софија Проститутката, неговата верна следбеничка. Сакаше врз очите да му го стави шалот што му го даде, но немаше сила за тоа, зашто мораше да ги затвори очите згрозена од глетката што ја гледаше. Смачкан череп, скршени екстремитети, лице полно со крв и рани, црева истурени како кај заклан вол, на земјата лежеа куп смачкани и

скршени коски и искасапено месо, а неговата наметка, неговите сандали и неговиот шал беа измешани со коските и со месото во една ужасна, здробена маса.

Оние што се доближија да ја видат глетката, слушнаа само дека прозборе со глас кој проколнува:

„И ова е доказ за вистината на неговото учење. Човечкиот живот е пад и пекол, а светот е во рацете на тираниот. Нека е проклет Елохим - најголемиот од сите тирани.“

Потоа се упати кон пустината, плачејќи и колнејќи.

## 2.

Според друга верзија, Чудотворецот не го насочил својот предизвик кон седмото небо туку кон земјата, најголемата од сите илузии.

Значи, легнат на грб под сенката на големата маслинка, со раце истегнати покрај главата, Симон гледаше нагоре кон небото, кон „ужасот на небото“. Покрај него седеше Проститутката, „со раширени нозе како стелна крава“, како што забележал еден христијански полемичар (за кого, меѓутоа, не знаеме со сигурност дали го пренесува директно тоа сведоштво или само цитира некој од сведоците на таа сцена; или едноставно измислува). Меѓутоа, маслинката и нејзината сенка, врз основа на повторено сведоштво, остануваат единствениот чист факт од оваа необична приказна за чудата на Симон. Значи, судбината сакаше тука да помине Петар со својата свита. Еден од учениците, несомнено предизвикан од недоличната поза на Софија, со глава свртена настрана за да не го обземе искушението, го запраша

Симон: „Дали е подобро да се сее на земјата, а да се жнее на небото; или важно е само да се фрли семето, без разлика каде“ - схоластичко прашање кое бара недвосмислен одговор.

Симон се потпре на лактот и, без да се помрдне, му одговори преку рамо:

„*Секоја земја е земја и сеедно е каде човек ќе сее. Вистинската заедница е онаа кога ќе се измешаат мажот и жената.*“

„Секој човек и секоја жена?“ праша Петар и зачудено се сврти.

„Жената е урна на блаженството“, рече Симон. „А дали и ти, како и секој човек со поматен ум, ги затвораш ушите за да не се заразиш од ересот, и дали го криеш погледот и бегаш кога немаш што да кажеш.“

Потоа следува една долга теолошка расправа за Елохим, за казната, за каењето, за смислата на животот, за одрекувањето, за душата и телото - и сето тоа измешано со схоластички докази и цитати на хебрејски, грчки, коптски и латински јазик.

„Душата е алфа и омега“, заклучи Петар.

„Добро е она што му годи на Бога.“

„*Делата, сами по себе, не се ниту добри, ниту лоши“,* рече Симон. „Моралот не го одредува Бог туку луѓето“.

„Милосрдните дела се влог за вечноста“, рече Петар. „Чудата се доказ за оние што сè уште се сомневаат.“

„Дали вашиот Бог може да го поправи оштетувањето на една девица?“ праша Симон, гледајќи кон својата следбеничка.

„Тој има духовна моќ“, рече Петар, кој очигледно беше збунет од прашањето.

Софија се смешкаше двосмислено.

„Сакав да кажам, дали има физичка моќ?“ продолжи Симон.

„Има“, рече Петар без да размислува. „Оној што ги излечи лепрозните, Оној што...“

„... Ја претвори водата во вино *et caetera et caetera*“, го прекина Симон.

„Да“, продолжи Петар. „Во неговиот занает спаѓаат чудата и ...“

„Јас пак мислев дека неговиот знанает е дрводелството“, рече Симон.

„И милосрдноста“, рече Петар.

На крајот, налутен заради тврдоглавоста на Петар и непопустливото повикување на Неговите чуда, Симон рече:

„И јас можам да правам чуда, исто како и вашиот учител од Назарет“.

„Лесно е само да се зборува“, возврати Петар со затреперен глас.

„Тој има научено разни вештини на египетските панаѓури“, рече еден од учениците на Петар. „Треба да се чуваме од измами.“

„И вашиот учител од Назарет - како му беше името? - можел да научи египетска магија“, рече Симон.

„Неговите чуда се случија повеќе пати“, рече Петар.

„Закопајте ме в земја шест лакти длабоко“, рече Симон по кратко размислување. „За три дена ќе воскреснам, исто како оној вашиот...“

„Исус“, му рече Петар. „Ти многу добро знаеш како се вика.“

„Да, тој.“

Еден од учениците набрзина отиде во најблиската населба и се врати со група работници кои градеа бунар во долината. На рамената носеа лопати, копачи и секири. Зад нив целото село - сѐ што беше живо и

мрдаше - замре, зашто веста дека се појавил некаков египетски волшебник кој ќе направи чудо набрзина се прошири низ местото.

„Шест лакти длабоко“, повтори Симон.

Работниците почнаа да копаат и набрзо горниот песочен слој на земјата го заменија големите камења, а потоа некаква сува црвеникава земја. Лопатите ја фрлаа слоновата коска на која сѐ уште се гледаа траги од корењата; исечени со острите сечила на алатите, црвите се извиваа и се згрчуваа под сонцето како под жив оган.

Софија молчешкум стоеше покрај јамата што стануваше сѐ подлабока, додека Симон - како некаков домаќин кој гради бунар или ги поставува темелите за нова куќа - им издаваше наредби на работниците, ја мереше со чекори ширината и должината на јамата, го спушташе лененото јаже во дупката, а меѓу прстите ги дробеше песокот и земјата.

Кога го направија ковчегот - од грубо обработени штици од мирисливо кедрово дрво, зацврстени со дрвени шајки - Софија го соблече шалот и го стави околу вратот на Симон.

„Таму долу е студено како на дното од бунар“, рече.

Симон веднаш се оттргна од неа, зеде една од штиците на ковчегот и ја затресе, како да сакаше да ја провери цврстината на конструкцијата.

Потоа среќно зачекори внатре и се испружи на дното.

Работниците се доближија и, на дадениот знак, на капакот закоаа големи шајки. Петар нешто му дошепна на еден од своите ученици. Ученикот дојде и, проверувајќи ги шајките, климна со главата.

Петар ја крена својата треперлива рака и работниците ги провлекоа јажињата под ковчегот, а потоа

внимателно го спуштија во бунарот. Софија стоеше настрана без да се помрдне. Земјата почна да паѓа врз капакот. Се слушаше звук сличен на тропање на тапан што се оддалечува. Набрзо, на местото каде што беше дупката, близу до големите палми, се појави испакнатина што личеше на песочна дина.

Петар се качи на купот земја, ги подигна рацете кон небото и почна да шепоти некаква молитва. Со затворени очи и со главата свртена настрана, оставаше впечаток на човек кој се обидува да наслушне некакви далечни гласови.

Ветрот уште во текот на денот ги избриша трагите од босите стапала и  од сандалите во непријатниот песок.

По три дена, во петок, го ископаа гробот. На откопувањето дојдоа повеќе луѓе отколку на закопот, зашто веста за чудотворецот - циркузант и илузионист, се прошири и во другите покраини. Софија, Петар и неговите ученици, како судии имаа предност и стоеја најблиску до дупката.

Прво почуствуваа ужасна смрдеа, како да доаѓа од пеколот. Потоа, под ископаната земја, ги здогледаа штиците од ковчегот кои беа потемнети како да се за'рѓани. Работниците ги извадија шајките и го подигнаа капакот. Лицето на Симон Чудотворецот беше како растопена лепрозна маса, а од очните дупки му излегуваа црви. Само жолтеникавите заби му беа расклешени во некаков грч или во вкочанета насмевка.

Софија ги прекри очите со рацете и врисна. Потоа наеднаш се сврте кон Петар и зборуваше со глас од кој сите затрепериja:

„И ова е доказ за *вистината* на неговото учење. Човечкиот живот е пад и пекол, а светот е во рацете

на тиранинот. Нека е проклет Елохим - најголемиот од сите тирани.“

Толпата ѝ направи пат и таа се проби низ тивкиот народ и тргна кон пустината, колнејќи.

Нејзиното смртно тело се врати во јавна куќа, а нејзиниот дух се всели во некоја нова илузија.